**ООУ„Славко Лумбарковски“ - Новаци**

# Упис на првачиња 2023-2024

Почитувани родители, Ве известуваме дека ООУ Славко Лумбарковски - Новаци од мај ќе започне со запишување на деца во прво одделение за учебната 2023/24 година, а кои се родени во текот на 2017 година и децата родени до 31-01-2018 година. За таа цел во текот на месец мај ќе добиете покана за систематски преглед и покана за точниот термин за упис на Вашето дете. Ве замолуваме да се придржувате до дадениот термин.

Со себе задолжително понесете :

- Лична карта од родителот
- Извод од матичната книга на родените за детето
- Потврда за примени задолжителни вакцини за детето
- Потврда за извршен офталмолошки преглед
- Потврда за извршен стоматолошки преглед






## Препораки за родителите за идните првачиња

***Почитувани родители,***

Поаѓањето на училиште е еден од најважните случувања во животот на Вашето дете, каде ќе се соочи со поголеми обврски и ќе запознае нови врсници и луѓе кои ќе имаат важно место во неговиот живот. Заедничка обврска на Вас како родители и ние како наставници, е да му овозможиме на детето пријатен и сигурен престој во училиштето, соодветен развој, позитивна мисла за себе и развој на неговите интелектуални потенцијали.

## Подготвеноста на детето за училиште ја одредуваме според:

-неговата хронолошка возраст,

-физичката зрелост

-интелектуалната и

-социјалната зрелост.

Вашето дете треба да го подготвите за да се одвои од Вас во периодот додека е на училиште, да биде сконцентрирано и да го вложува својот максимум во извршувањето на активностите и зададени од страна на наставникот.

Детето да ги почитува правилата кои ги имаме во училиштето, да пројавува интерес и да ги прифаќа вредностите и правилата кои ги развиваме во нашето училиште.

Значајно и важно е како родител да ги прифатите неговите можности и способности зошто секое дете е различно со свои интереси и интелектуални потенцијали.

## Ве очекуваме и ви посакуваме топло добредојде во нашето училиште

**Ако имате било какви прашања и доколку ви треба било каква помош Ве молиме да се обратите до стручната служба**

## Препораки како да му помогнете на Вашето дете да се соочи со новата ситуација:

- Разговарајте со Вашето детето за обврските во училиште, за наставниците и неговите врсници и објаснете му што се да очекува во училишната средина
- Во летниот период почесто направете прошетка со Вашето дете до училиштето и нека си поигра во училишниот двор,
- При прошетката во училиштето обрнете внимание како се движи по улицата и преминувањето преку улица.
- Заедно со Вашето детето средете го неговото работно катче или преуредете ја детската соба
- Навикнувајте го детето на правилен ритам (навреме да станува и навреме да доаѓа во училиштето).
- Овозможете му на Вашето дете да си игра и да се дружи со други деца.
- Стекнување на навики за редовно одржување на лична хигиена, самостојно облекување и самостојно хранење.

**Со самото запишување на Вашето дете во прво одделение од сега па натаму е Ваша и наша заедничка грижа.**